Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за културата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 февруари 2007 година.

Бр. 07-849/1
20 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА**

Член 1

Во Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" број 31/98, 49/2003 и 82/2005), во членот 11 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"Советот за култура како стручно и советодавно тело му дава мислење на министерот за култура за доделување на титулата Амбасадор на културата на Република Македонија."

Член 2

По членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

"Член 11-а

(1) Владата на Република Македонија, по предлог на министерот за култура, на истакнати и афирмирани личности од доменот на културата, кои се државјани на Република Македонија и со своето дејствување во странство значајно придонесуваат за презентирање на културата на Република Македонија во светот, им доделува титула Амбасадор на културата на Република Македонија, со нивна согласност.

(2) Владата на Република Македонија на добитниците на титулата Амбасадор на културата на Република Македонија свечено им доделува плакета.Титулата Амбасадор на културата на Република Македонија е почесна и без паричен надомест.

(3) Плакетата доделена на припадниците на етничката заедница која е над 20% во Република Македонија, освен на македонски јазик се доделува и на јазикот кој го зборува припадникот на таа заедница.

(4) За активностите на амбасадорите на културата, доколку се потребни финансиски средства за промоција на културата на Република Македонија, тие ќе се обезбедуваат во согласност и соработка со соодветната амбасада на Република Македонија или со национална установа од културата преку нивните програми за меѓународна културна соработка и од средствата предвидени во Буџетот на Република Македонија за таа намена, во тековната година."



www.pravdiko.com

Член 3

Поднасловот "1.2. Музичка и сценско-уметничка дејност" и членот 51 се менуваат и гласат:

**"1.2. Музичка дејност**

Член 51

(1) Музичка дејност, во смисла на овој закон, е подготвување и јавно изведување на музички дела.

(2) Назив на установа или друго правно лице што врши музичка дејност се филхармонија, синфониски и друг оркестар и слично."

Член 4

По членот 51 се додава нов поднаслов 1.2.-а и нов член 51-а, кои гласат:

**"1.2.-а. Сценско-уметничка дејност**

Член 51-а

(1) Сценско-уметничка дејност, во смисла на овој закон, е подготвување и јавно изведување на драмски, оперски, оперетски, балетски, танцови, куклени и други уметнички дела, народни песни и игри, како и дела од фолклорот.

(2) Назив на установа или на друго правно лице што врши сценско-уметничка дејност се опера, хор, театар, драма, балет, ансамбл на народни песни и игри, танцов ансамбл и слично."

Член 5

Називот на Главата "Казнени одредби" се заменува со називот "Прекршочни санкции".

Во членот 91 став (1) зборовите: "Со парична казна од 10.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице што" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице што".

Во ставот (2) зборовите: "Со парична казна од 1.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок и на".

Во ставот (3) зборовите: "Со парична казна од 1.000 до 50.000 денари ќе се казни и" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече и на".

Ставот (4) се менува и гласи:

"За прекршокот на ставот (1) на овој член може да се изрече и забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години."

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".



www.pravdiko.com